Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 септември 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Аќиф Хајдари од с. Камењане, Боговиње УП2 09-189/24 од 8 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-279 од 15 март 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-279 од 15 март 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Аќиф Хајдари од с. Камењане, Боговиње до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-189/24 од 8 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-279 од 15 март 2024 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) на КЕЦ Тетово, издадено поради незапазени безбедносни растојанија до далекувод на Електродистрибуција.

Жалителот потенцира дека - објектот е со одобрение за градба, приклучен во 2000 година. Кабелот е пуштен пред 2 години кога е направена дислокација пред џамијата.

Според Електродистрибуција – жалителот има поднесено барање за уште едно броило во постоечкиот објект. При увид констатирано е дека објектот не ги исполнува безбедносните растојанија од нисконапонската мрежа.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 6 август 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-189/24 од 8 април 2024 година со прилог

-Одобрение за градење

-Приговараното Решение

-Полномошно за Даут Демири од Тетово
2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 8 април 2024 со прилог:
-Слики од објектот и далекуводот
-Барање за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа
-GIS скица
-Имотен лист
-Извод од план

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека не се запазени минималните безбедносни растојанија до далекувод на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Согласно член 203 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 236/22), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

Согласно член 35 став (1) точка 4) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за одбивање на барање на согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога се нарушени безбедносните растојанија од објектот на корисникот до електроенергетски објекти, пропишани со закон и соодветни подзаконски акти.

Имајќи го предвид горенаведеното како и фактот дека се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–189/24**
**26 септември 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**